# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3737.**

Врз основа на член 26 ставови (3) и (5) од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр.47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 27/14, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15 И 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА КЛИНИЧКИТЕ ПРЕГЛЕДИ И ДРУГИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИСПИТУВАЊА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СМРТ, КАКО И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СМРТТА НА ЛИЦЕ ЧИИ ДЕЛОВИ ОД ТЕЛО МОЖЕ ДА СЕ ЗЕМАТ ЗАРАДИ ПРЕСАДУВАЊЕ И ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ПО ОДНОС НА СПЕЦИЈАЛНОСТА КОИ МОРА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЧЛЕНОВИТЕ ОД КОМИСИЈАТА КОЈА СО СИГУРНОСТ ЌЕ ГО УТВРДИ ПРЕСТАНОКОТ НА РАБОТАТА НА МОЗОКОТ

Член 1

Во Уредбата за клиничките прегледи и другите дополнителни испитувања за утврдување на смрт, како и начинот на утврдување на смртта на лице чии делови од тело може да се земат заради пресадување и за поблиските критериуми по однос на специјалноста кои мора да ги исполнуваат членовите од комисијата која со сигурност ќе го утврди престанокот на работата на мозокот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 168/13), во член 6 во став (1) во воведната реченица зборовите „изведуваат најмалку два“ се заменуваат со зборовите „изведува најмалку еден“.

Член 2

Во член 8 во ставот (2) зборовите „кој ги извршил параклиничките потврдни тестови“ се заменуваат со зборовите „кој го извршил параклиничкиот потврден тест“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-4961/10
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3738.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за класифицирани информации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ (*)

Член 1

Со оваа уредба поблиску се уредуваат мерките и активностите за физичка безбедност на класифицираните информации кои се применуваат од страна на орган на државната и локалната власт основан согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правно лице основано од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и од физичко лице или правно лице.

*Со оваа уредба се врши усогласување со Одлука на Советот од 23 септември 2013 година во однос на правилата за безбедност за заштита на класифицирани информации на ЕУ, CELEX број 32013D0488.

**Процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација**

Член 2

Мерките и активностите за физичка безбедност се одбираат врз основа на проценката за можното нарушување на безбедноста на класифицираните информации, која се изработува од страна на субјектот кој ракува со класифицирани информации.

Процената за можното нарушување на безбедноста на класифицираните информации се врши од аспект на:

- бројноста, степенот, формата и протокот на класифицираните информации;
- непосредната околина на објектот во кој се наоѓаат класифицираните информации и поставеноста на безбедносниот појас околу објектот, безбедносните и административните зони во објектот, физичката градба, ѕидовите, вратите и прозорците на објектот;
- состојбата на пошироката околина на објектот;
- лицата кои работат во објектот;
- заканата од разузнавачки активности, саботажа, терористички или други криминални активности насочени кон класифицираните информации;
- постапките за работа со класифицираните информации и нивното чување во објектот.

Член 3

Врз основа на процената за можното нарушување на безбедноста на класифицираните информации на субјектот, се изработуваат планови за физичка заштита за секој објект посебно, во коишто се вклучени и мерки за евакуација и/или уништување класифицирани информации во итни ситуации.

**Определување на безбедносен појас околу објектот**

Член 4

Во планот за физичка заштита се определува безбедносниот појас околу објектот во кој се ракува со класифицирани информации.

Безбедносниот појас претставува минималното растојание до објектот кое оневозможува, со примена на активни или пасивни средства, да се открие содржината на класифицираната информација.

**Определување на безбедносни и административни зони и услови за чување на класифицирани информации**

Член 5

Во планот за физичка заштита се определуваат безбедносните и административните зони во објектот во кој се ракува со класифицирани информации.

Во објектот се определуваат безбедносни зони од прв и втор степен и административни зони.

**Безбедносните и административните зони се обележуваат на видно место.**

Член 6

Безбедносните зони во кои се врши ракување и чување на класифицирани информации треба да се организираат и структурираат на еден од следните начини:

а) Безбедносната зона од прв степен е зона каде се врши ракување и чување на класифицирани информации на начин со којшто при самото влегување во зоната се има пристап до класифицираните информации и истата треба да има:

- точно определен заштитен простор со строго контролиран влез и излез;

- систем на контрола, кој овозможува влегување само на лица со соодветна безбедносна проверка и кои се овластени за влегување во таа зона;

- ознака на степенот на класификацијата и видот на информациите со кои се ракува во таа зона, односно информации до кои е дозволен пристап.

б) Безбедносната зона од втор степен е зона каде се врши ракување и чување на класифицирани информации на начин со кој истите се заштитени од пристап на неовластени лица и истата треба да има:

- точно определен заштитен простор со строго контролиран влез и излез;

- систем на контрола на влезот, кој што овозможува пристап само на лица, без придружба, кои се безбедносно проверени и овластени за влегување во таа зона, а за сите останати лица се обезбедува придружба од страна на лице овластено за пристап во таа зона или соодветна контрола за заштита на класифицираните информации и спречување на неконтролирано влегување во зоните што се предмет на техничка безбедносна контрола;

- евиденција за влез на лицата за коишто се обезбедува придружба во безбедносната зона.

Условите за безбедносните зони од став 1 на овој член, преставуваат минимални стандарди за безбедносни зони од прв и втор степен, доколку со друг пропис или меѓународен договор ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија, не е поинаку уредено.

Член 7

Безбедносните зони во кои нема 24-часовна дежурна служба, се контролираат веднаш по завршувањето на редовното работно време за да се осигура дека класифицираните информации се соодветно заштитени.

Член 8

Административна зона се воспоставува околу или пред безбедносните зони од прв или втор степен. Оваа зона има определен заштитен простор во којшто постојат можности за контрола и евиденција за влез на лица и возила.

Во административните зони се чуваат и се ракува само со информации класифицирани со степенот „ИНТЕРНО“ и со информации со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“.

Член 9

Со информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ може да се ракува само во безбедносни зони од прв и втор степен.

Информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ се чуваат во безбедносни зони од прв и втор степен со примена на некоја од следните мерки:

а) чување во сигурносни сефови кои исполнуваат минимални стандарди за чување класифицирани информации со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“, со една од следните дополнителни контроли:

- постојана заштита со лица за обезбедување или дежурен персонал, при што се врши проверка на сигурносните сефови или на просториите во кои тие се наоѓаат од страна на лицата за обезбедување или дежурниот персонал во случајно одбрани временски интервали, на не помалку од секои два часа или

- систем за откривање на неовластено физичко присуство во соработка со безбедносните сили определени за брза реакција во случај на неовластено присуство на лица во простории во коишто се чуваат класифицирани информации (во натамаошниот текст: сили за брза реакција);

б) чување во простории што исполнуваат услови за отворено чување на класифицирани информации опремени со систем за откривање на неовластено физичко присуство во соработка со силите за брза реакција или

в) чување во трезорски простории во кои е воспоставен систем за откривање на неовластено физичко присуство кој треба да биде во соработка со лицата за обезбедување или силите за брза реакција, кои по даден аларм би реагирале во определен временски период за спречување насилен влез од страна на неовластени лица.

Член 10

Со информации класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ се ракува во безбедносни зони од прв и втор степен.

Информациите класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ се чуваат во безбедносни зони од прв и втор степен со примена на некоја од следните мерки:

а) чување на начин пропишан за заштита на информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ од член 9 од оваа уредба или

б) чување во сигурносни сефови кои исполнуваат минимални стандарди за чување класифицирани информации со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ или во трезорски простории без дополнителни контроли или

в) чување во простории што исполнуваат услови за отворено чување на класифицирани информации со примена на една од следните дополнителни контроли:

- постојана заштита на локацијата на која се наоѓа просторијата за отворено чување од страна на служба за обезбедување или од дежурна служба, при што просторијата за отворено чување да биде проверувана од службата за обезбедување или од дежурната служба најмалку еднаш на секои четири часа или

- да е воспоставен систем за откривање на неовластено физичко присуство во соработка со силите за брза реакција.

Член 11

Со информации класифицирани со степен „ДОВЕРЛИВО“ се ракува во безбедносни зони од прв и втор степен.

Информации класифицирани со степен „ДОВЕРЛИВО“ се чуваат во безбедносни зони од прв и втор степен, во сигурносни сефови кои исполнуваат минимални стандарди за чување класифицирани информации со степен „ДОВЕРЛИВО“ или на начин уреден во членовите 9 и 10 од оваа уредба, но без дополнителни контроли.

Член 12

Со информации класифицирани со степен „ИНТЕРНО“ и со информации со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ се ракува во административни и безбедносни зони од прв и втор степен.

Информации класифицирани со степен „ИНТЕРНО“ и информации со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ се чуваат во административни и безбедносни зони од прв и втор степен во канцелариски мебел (работна маса, дрвен или метален ормар и друго), што се заклучува и нема провидни страни, како и на начин уреден во членовите 9, 10 и 11 од оваа уредба.

Член 13

Комуникациско-информациските системи за обработка, прикажување, чување или пренос на класифицирани информации, се користат во административни и безбедносни зони од прв и втор степен, согласно степенот на класификација на класифицираните информации.

Критичната опрема од комуникациско-информациските системи (сервери, мрежна опрема, мемориски уреди, криптографска опрема и слично), се поставува во посебни простории уредени како безбедносни зони од прв степен во кои се чуваат класифицирани информа-

ции со контролиран пристап ограничен само на персоналот задолжен за безбедноста и за одржување и администрирање на опремата.

Член 14

Согласно степенот на класифицираните информации, печатачите, копирите, уништувачите на хартија и другата опрема што се користи за нивна репродукција или уништување, се поставуваат во административни и безбедносни зони во кои пристапот до опремата е ограничен само на корисниците на опремата и на персоналот задолжен за безбедноста и за одржување на опремата.

**Организирање на физичка заштита и примена на технички средства за обезбедување на објекти и простории во кои се наоѓаат класифицирани информации**

Член 15

Субјектот кој ракува со класифицирани информации применувајќи го концептот на одбрана по длабочина, односно повеќеслојна заштита, ги одредува најсоодветните комбинации на мерки за физичка безбедност кои треба да се имплементираат.

Организацијата на физичката заштита, освен идентификација на локациите и објектите за кои е потребна заштита ги опфаќа следните повеќеслојни безбедносни мерки:

- безбедносна ограда;
- безбедносно осветлување;
- систем за откривање на неовластено физичко присуство на лица;
- контрола на пристап;
- лица, односно служба за обезбедување;
- систем за видео надзор за интерна употреба;
- проверка на лица при влез и излез;
- контрола на посетители и
- опрема што ги исполнува стандардите за заштита на класифицирани информации.

Член 16

Безбедносната ограда претставува физичка пречка и ја определува границата на зоната што се заштитува. Нивото на заштита на оградата зависи од нејзината височина, градба, материјалот што е користен и други дополнителни елементи употребени за зголемување на нејзината заштита и ефикасност, како што се: врвови, системи за откривање на неовластено физичко присуство на оградата, осветлување или систем за видео надзор за интерна употреба.

Ефикасноста на безбедносната ограда зависи од нивото на заштитата на точките за пристап. Влезните врати се конструираат според истите стандарди како и оградата. Според потребите на поединечни влезни врати се инсталираат системи за контрола на пристап заради обезбедување на соодветна заштита.

Член 17

Безбедносното осветлување се поставува според минималните барања за видео надзор за интерна употреба заради овозможување на непречен директен надзор од лицата за обезбедување, а инсталацијата треба да е соодветна на потребите за кои се користи.

Член 18

Системите за откривање на неовластено физичко присуство на безбедносната ограда се поставуваат со цел да се зголеми нивото на заштита. За избегнување на можен лажен аларм се користи дополнителен систем за верификација на алармот (видео надзор, служба за обезбедување и слично).

Системите за откривање на неовластено физичко присуство можат да се користат во објекти и простории наместо лица за обезбедување или како помошни средства на службата за обезбедување.

Системите од ставовите 1 и 2 на овој член, се надополнуваат со силите за брза реакција.

Член 19

Силите за брза реакција ги сочинуваат најмалку по две лица за секоја точка во објектот во која е нарушен безбедносниот режим, без притоа да се наруши безбедноста на останатите делови во објектот.

Реакцијата на силите за брза реакција, на алармот или сигналот за тревога, треба да е во рамките на временскиот интервал што овозможува заштита на класифицираните информации од неовластено физичко присуство, односно да биде пократка од времето потребно за пробивање на повеќеслојната заштита.

Силите за брза реакција треба да бидат соодветно безбедносно проверени за пристап до класифицирани информации и да бидат обучени од страна на надлежниот офицер за безбедност на класифицирани информации во органот, доколку со планот за нивна реакција е предвидена заштита на интегритетот на безбедносните зони и класифицираните информации.

Член 20

Контролата на пристап се поставува во објект или објекти или во зони или простории во рамките на објектот. Контролата може да биде електронска, електро-механичка или физичка со лице за обезбедување.

Со системите за идентификација на вработените се контролира влезот во административни и безбедносни зони од прв или втор степен.

Член 21

Во зависност од степенот на ризикот и останатите безбедносни системи или опрема инсталирана во објекти во кои се ракува со класифицирани информации, може да се воспостави и служба за обезбедување.

Лицата за обезбедување се соодветно безбедносно проверени за пристап до класифицирани информации и да бидат обучени и контролирани од страна на надлежниот офицер за безбедност на класифицирани информации во органот.

Член 22

Систем за видео надзор за интерна употреба се воспоставува за помош на службата за обезбедување заради верификација на недозволени активности и како надополнување на алармните системи поставени на безбедносните огради или на поголеми објекти.

При воспоставувањето на системот за видео надзор од став 1 на овој член, неговите технички можности не треба да претставуваат ризик за нарушување на безбедноста на класифицираните информации.

Член 23

Техничките средства за физичка заштита на класифицираните информации редовно се одржуваат. Секоја промена на техничките средства се евидентира и за тоа се известува офицерот за безбедност на класифицирани информации во органот.

Член 24

Технички обезбедени зони се зони кои се специфично одредени и истите треба да се заштитат од технички напади и прислушување и се предмет на редовна физичка и техничка проверка чијшто временски интервал го утврдува надлежната безбедносна служба. Физичката и техничката проверка се врши во случаи на неовластено

влегување или на основано сомневање за неовластено влегување од страна на надворешни лица за одржување или реновирање на просториите. Техничките зони се опремени со системи за откривање на неовластено физичко присуство на лица. Сите лица кои влегуваат и сите материјали кои се внесуваат во технички обезбедените зони, треба да бидат контролирани.

Кога не се користат, просториите во технички обезбедените зони се заклучуваат и/или чуваат во согласност со стандардите за физичка безбедност и сите клучеви и шифри имаат третман на безбедносни клучеви и шифри.

Член 25

Мебелот или опремата, пред внесувањето во технички обезбедените зони, се проверува од соодветно обучени лица заради евентуално постоење на уреди за прислушување и притоа се запишува типот и серискиот број на инвентарот кој се внесува или изнесува од технички обезбедените зони.

Член 26

Во технички обезбедените зони, по правило не се инсталираат телефони и други видео конференциски уреди доколку тоа не е неопходно. Но доколку е потребна инсталација на вакава опрема, зоната се опремува со дополнителен уред за прекинување на мрежата и напојувањето или со можност физички да се исклучи кога се разговара за класифицирани информации.

Член 27

Во технички обезбедени зони не се внесуваат комуникациско-информациски или други електронски средства, со можности за снимање или пренесување на сигналот.

Член 28

Објектите или локациите за кои, по правило, е потребна заштита од технички напади и прислушување на информациите класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и повисоко, се заштитуваат од методи и средства за пасивно и активно прислушување, со преземање на мерки за физичка заштита на звукот и контрола на пристапот на местата каде постои таков ризик.

За спречување на истекување на класифицирани информации преку жични микрофони, радио микрофони и други вградени средства, се врши техничка и/или физичка безбедносна проверка на градбата на просторијата, нејзиното опремување и додатоците и канцелариската опрема, вклучително и на канцелариските машини (механички или електрични) и средствата за комуникација.

Проверката ја вршат безбедносно обучени стручни лица овластени од функционерот, односно раководителот на субјектот.

Член 29

Во просториите во кои се разговара за класифицирани информации, како дополнување на физичките проверки се вршат и редовни технички безбедносни проверки за евентуално вградени уреди и се испитува телефонскиот систем или други електрични уреди кои можат да бидат предмет на напад.

По потреба, во просториите од став 1 на овој член, како превенција од разузнавачки активности, се одредуваат критични места за безбедноста на класифицираните информации.

Член 30

Во просториите во кои се одржуваат разговори или се работи со информации класифицирани со степен „СГРОГО ДОВЕРЛИВО“ и повисоко, пред употреба на комуникациската, електричната и електронската опрема од кој било тип, се врши преглед за техничка или комуникациска безбедност од страна на стручни лица обучени за техничка и комуникациска безбедност.

Член 31

Кога постои можност за визуелно откривање на класифицирана информација при дневна светлина или вештачко осветлување, се преземат мерки за визуелна заштита.

Член 32

Клучевите од сигурносните сефови не се изнесуваат надвор од објектот.

Шифрите од сигурносните сефови не се запишуваат од страна на лицата кои ги користат. За итни случаи се обезбедува дупликат од клучевите и писмен запис на секоја од шифрите, кои се заштитуваат поединечно, со пакување во непроѕирен и запечатен плик и се чуваат од овластените лица во субјектот кои се надлежни за ракување со класифицираните информации.

Шифрите се менуваат:

- по набавката на безбедносниот сеф, а пред првата употреба, или
- кога се менува лицето кое ги знае, односно ги користи, или
- при постоење на основано сомневање за нарушување на нивната тајност, или
- на редовни интервали не подолги од 12 месеци.

Член 33

Клучевите се чуваат одделно од нивните дупликати.

Клучевите, нивните дупликати и шифрите имаат безбедносна заштита која не е помала од заштитата на информациите до кои со нив се овозможува пристап.

Познавањето на шифрите се ограничува на што е можно помал број на лица од редот на вработените.

Член 34

Во субјектите во коишто се ракува со класифицирани информации може да се определат простории за отворено чување на класифицирани информации.

Просториите за отворено чување на класифицирани информации треба да имаат:

а) надворешни ѕидови, подови и тавани изработени од цврста градба без монтажни елементи којашто е изведена на начин што овозможува визуелен приказ на евентуален неовластен упад во објектот;

б) врати изработени од дрво, метал или од друг цврст материјал што ги исполнуваат минималните стандарди за соодветниот степен на класификација, при што влезните врати во просториите во кои се чуваат информации класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и „ДОВЕРЛИВО“ се обезбедени со брава со тространо забравување што ги исполнува минималните стандарди за соодветниот степен на класификација, а вратите дополнително се обезбедуваат од внатре со механизам за отворање во итни случи или масивно дрво или метален лост по широчина на вратата;

в) заштитени отвори и канали кои влегуваат или минуваат низ просториите за отворено чување на информациите, а се поголеми од 620 см2 во напречен пресек или повеќе од 15 см во најмалата димензија, со метални прачки, метални решетки, обични метални прегради или систем за откривање на неовластено физичко присуство;

г) прозорци што се опремени со заштита од набљудување (ролетни, завеси, заштитна фолија или други покривки).

Прозорците на приземјето или други прозорци што се лесно достапни (на покриви, веранди и анекси на објекти), се изработени или се заштитени со материјали за спречување насилно влегување.

Заштитата на прозорците е соодветна на јакоста на ѕидот на кој се вградени.

За просториите за отворено чување на класифицираните информации кои се наоѓаат во контролиран простор на прозорците, не е потребно поставување на материјали за заштита од насилно влегување, доколку со трајно запечатување или опремување од внатрешна страна со механизам за заклучување прозорците се блокираат и надгледуваат со систем за откривање на неовластено физичко присуство кој може да биде во облик на видео надзор за интерна употреба и/или алармен систем за откривање на неовластено физичко присуство во безбедносната зона.

Член 35

Информации класифицирани со степен „ДОВЕРЛИВО“ и повисоко може да се чуваат на отворени полици или да се прикажани на карти, мапи или на друг начин, во трезорски простории или на отворени простори за складирање кои се лоцирани во безбедносните зони од прв и втор степен.

**Контрола на влез, движење и излез на лица и возила за пренос на класифицирани информации**

Член 36

Воспоставениот систем на физичка заштита опфаќа и проверка на влезот и излезот за спречување на неовластено внесување на материјали во просториите или изнесување на класифицирани информации надвор од објектите. Проверката на влез и излез може да се воспостави, при што на видно место се предупредува за ваквата мерка за безбедност.

Член 37

Во објектите и просториите во безбедносните и административните зони се влегува со дозвола за пристап. Влез на возила во безбедносни и административни зони е дозволен само доколку тоа е неопходно.

Пред секое влегување на возилото во зоните од став 1 на овој член, се врши детална проверка од овластеното лице.

Член 38

Пристапот со или без придружба, на посетители во безбедносни и административни зони, зависи од:
- претходно спроведената безбедносна проверка на посетителите;
- примената на принципот „потребно е да знае“;
- дали посетителот е домашно или странско лице и
- од евентуалната потреба од дополнителна контрола.

Посетителите за кои е потребна придружба, се придружуваат за сето време на движење во објектот. При посета на различни одделенија или на повеќе лица, посетителите се преземаат од овластени лица за придружба во тие одделенија со евидентирање во дозволата за влез.

Посетителите за кои е дозволен влез без придружба во објекти и локации што се обезбедуваат, носат беџ за идентификација кој се разликува од беџот на вработените.

**Физичко обезбедување при пренесување на класифицирани информации надвор од безбедносните зони**

Член 39

При пренос на класифицирани информации надвор од безбедносни и административни зони се обезбедува соодветна заштита според степенот на класификација на информациите.

Физичката заштита при пренесување на класифицирани информации надвор од безбедносните и административните зони треба да овозможи сигурно, безбедно и навремено пренесување на класифицираните информации.

Преносот на класифицираните информации се врши од страна на лица кои поседуваат соодветен безбедносен сертификат и се запознаени со начинот на пренос на класифицирани информации и маршрутата по која ќе се движат.

Член 40

При рачен пренос надвор од безбедносните и административните зони, класифицираните информации во форма на документи се спакувани во двојни коверти и се пренесуваат во заклучена курирска торба.

Во случај на друг вид на пратка што содржи класифицирани информации, пратката е спакувана во дупла непроѕирна опаковка и се пренесува во заклучена курирска торба или во заклучена или запечатена кутија. Кутијата може да се смета за надворешна обвивка на пратката.

Рачниот пренос на класифицираните информации надвор од државата се врши по земјен или воздушен пат, низ или преку држави во коишто не постои безбедносен ризик по преносот на пратката.

Член 41

При пренос на класифицираните информации со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и повисоко, претходно треба да се извести примателот со напомена за името на доставувачот, маршрутата на движење, предвиденото време на пристигнување и степенот на класификација.

За информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“:
- се води писмена едивенција на сите лица кои учествувале во преносот;
- за пренос се користи посебно опремено возило;
- куририот е придружуван од најмалку едно лице.

**Преодна и завршна одредба**

Член 42

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за физичка безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/04).

Член 43

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-4979/7 | Претседател на Владата |
| 19 август 2025 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р. |

---

**3739.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 август 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ЛИНИИ И ГРАНИЧНИТЕ ОЗНАКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ**

Член 1

Во Одлуката за формирање Комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Македонија со